Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски"-Скопје-придружна членка

| Примено: 12.12.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број: 407/1 | Прилог: | Вредност: |

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 ноември 2024 година, дава

## РЕШЕНИЕ
## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Теолошки науки" на Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Теолошки науки" на Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

По добивање на Решение за акредитација бр.08-887/4 од 29.3.2024 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје , достави барање бр. 159/1 од 17.4.2024 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-306/1 од 18.4.2024 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Теолошки науки" на Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-306/2 од 4.10.2024 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 9.10.2024 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-306/3 од 14.10.2024 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Теолошки науки" на Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*(„Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб - страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 41-10743/ 5**
**26 ноември 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

Подготвил: Христина Мишевска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата